Виолета АЧКОСКА

# МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЈА И НЕКОИ МЕТОДОЛОШКИ АСПЕКТИ ВО ПРОУЧУВАЊЕТО НА ЛИЧНОСТИТЕ ОД НАЈНОВАТА ИСТОРИЈА

Проблемот на улогата на личноста во историјата претставува универзален проблем на сите епохи и особено важно методолошко прашање, при што оваа или онаа историографска школа тргнувале од различни позиции во нејзиното определување. Во тој контекст стои и прашањето: Каде се наоѓа македонската историографија? Во кој правец таа се развивала и врз која методолошка основа? Како ги проучувала историските личности и врз кои критериуми го одредувала нивното место во историјата? Одговорот на прашањето станува посложен тогаш кога сето тоа го набљудуваме од аспектот на најновата историја, зашто тука се работи за жива материја, за незавршени историски процеси, во кои се одвива и животот и творештвото на историографот. Тогаш тој е ставен во мошне тешка позиција: да ги проучува и анализира значајните личности од својата епоха и нивната дејност, непристрасно и објективно - sine ira et studio.

Барајќи ги одговорите на поставените прашања, тргнуваме од основната констатација дека македонската историографија има кус век на развој и нејзините вистински почетоци ги лоцираме по формирањето на Демократска Федерална Македонија (1944) во рамките на Авнојската југословенска федерација, држава со комунистичка провениенција[1]. Притоа, врз југословенската историографија, која настојувала да расчисти „со буржоаскиот поглед на свет" особено влијание извршила советската историска школа на Покровски, Волгин и Тарле кои во своите трудови дале марксистичко толкување на историјата. Така, и методолошката основа на македонската истори-

[1] Тргнувајќи од мошне скромните наследени традиции и можности, македонската историографија се најде соочена со политиката која, од една страна, овозможуваше создавање на речиси сите предуслови за старт на една нова национална историска наука, а од друга страна, опстојувајќи на идеолошката компонента, ја ограничуваше во голема мера слободата на искажување на македонските творци, чии трудови мораа да ја запазат рамката на општојугословенските интереси артикулирани низ програмските документи на КПЈ/СКЈ („социјалистичкиот реализам").

ографија, со мали промени и нијанси, главно, била „југословенската варијанта на марксизмот-лениизмот“[2].

Раководителите на југословенското комунистичко движење (Тито, Кардељ и другите) по 1945 година го презедоа монополот во градењето на општествената свест на младите генерации преку образованието (и низ други форми) каде што особено место имаше историјата[3]. Овие личности, во најголем обем, своето историографско образование го стекнале во советското „идеолошко депо на партијата“, во средината на триесеттите години, во периодот на Сталиновиот монопол над историската наука во СССР[4]. Во таа „сталинска историографска школа“ тие прифатиле повеќе начела, меѓу кои: политичка контрола над историографијата[5]; целосна идеологизација на историографијата (остварено преку отфрлање на буржоаскиот поглед на свет и прогласување на марксизмот како апсолутна вистина); создавање на одделни (пожелни) историографски модели и создавање на соодветни типови на херои[6]; упростување на односот личност-историографија преку создавање на посебен модел за „движењето на

[2] Во првите повоени години, во деновите преполнети со идеолошки инструментализации на минатото, проучувањето на македонската историја беше ставено (и речиси никогаш сосема напуштено до 90-тите години) во функција на „повисоки цели“. Сепак, и покрај општите „комунистички критериуми“, уште на почетокот, се јавила и една специфичност на македонската историографија во рамките на Југославија, специфичност која се состоела во понагласената националната компонента како потреба за поголемо дистанцирање од српските и бугарските историски влијанија.

[3] Види: Милован Ѓилас, *О националној историји као васпитном предмету,* „Историјски гласник“, 1, 1949, 2-20.

[4] Веќе од почетокот на триесеттите години на XX-от век, Сталин со своите трудови: „За некои прашања од историјата на болшевизмот“, „Прашањата на ленинизмот“, „Краткиот курс на историјата на СКП (б)“ и други, се наметнува над целокупната историска наука. Во овие трудови, историските интерпретации на водачот се воздигнати до степен на апсолутни вистини, а историчарите смееле да се занимаваат само со оние прашања што ги поставил водачот. Сталин и Жданов „вовеле жив и интересен начин на опис на важните настани и историски личности“, со величање на рускиот цар Иван Грозни и руските војсководители Суворов, Кутузов и другите. Бегајќи од дневнополитичкиот прагматизам, повеќето историчари се свртеле кон проучување на антикатата и средновековието. Тие што се занимавале со понова историја, во најголем обем, морале да го цитираат најпрво Сталин, а потоа останатите „класици на марксизмот“, прибегнувајќи кон сосема сувопарно и неутрално опишување на настаните. Секој обид за синтеза или воопштување бил многу ризичен.

[5] Се работи за настојување на партијата да завладее со сите сегменти на општеството, што во практиката значеше контрола и над науката и на научните кадри.

[6] Дури и толкувањето на националната историја се ставаше во црно-белата шема на тогашната „критичка мисла“ или во шаблонот: прогресивно - реакционерно; пролетерско - буржоаско; ЗА и ПРОТИВ „новото“. Сеопштата политизација на општеството влијаеше пресудно врз историографијата таа, во прв ред, да бара теми во политичките случувања и појави и да проучува личности во функција на пропагирањето на „социјалистичките“ победи - да прогласува херои и антихерои.

широките народни маси" и улогата на „водачот на револуцијата" како движечки сили во историјата; создавање расцеп во историографијата - официјална и емигрантска, официјална и дисидентска, марксистичка и буржоаска, советска и западна, со што бил сопрен протокот на идеи и била создадена самоизолација[7]; прогласување на табу теми и табу личности - за прашања за кои партијата погрешила и за личности популарни сред народот но непожелни за тврдиот политички курс и за актуелното раководство[8].

Меѓу советските историографи највлијателен, секако, бил Михаил Николаевич Покровски кој, под непосредно влијание на Ленин, придонесол за изградување на првите советски историчари-марксисти, правејќи напори за поголемо усогласување на теоријата на историјата со марксизмот. Исти такви напори беа правени и во другите источно европски земји, во кои, по Втората светска војна (особено по 1948) се воведоа еднопартиски режими („партиска држава"). Така, и во македонската историографија, под влијание на политиката на еднопартискиот систем беше присутно инсистирањето на еден генерален теоретско-методолошки приод во проучувањето на општествените појави и личности. Изборот на истражувачките теми, а уште повеќе презентацијата и толкувањето на научните сознанија биле ограничени во просторот на одредената идеологија.

Меѓутоа, и покрај тенденциите за конзервирање на сфаќањата, барајќи го сопствениот идентитет како свое место во историјата, секоја нова генерација неминовно доаѓа во судар со претходното време, со она кое го прифаќа, го негира или во кое ги надоградува корените. Идентитетот е нешто колективно, но и многу лично, и без разлика дали се работи за идентитет на личноста или на нацијата, историските личности претставуваат огромен извор од кој ги црпиме одблесоците на самопрепознавањето и самоидентификувањето.

---

[7] Ѓ. Станковиќ, Љ. Димиќ, *Историографија под надзором, I, Прилози историје историографије*, Београд 1996, 145-147.

[8] Такви теми на пример биле: стрелањата во 1945 година без судски одлуки; физичкото и психичко изживување над „класните" и други „непријатели"; Голи Оток; колективизацијата на селото итн., а од личностите во црна боја биле сликани или воопшто ставени во молкот на годините и непожелни да се споменуваат (некогаш дури и во негативна конотација) мноштво припадници на ВМРО меѓу двете светски војни и по Втората светска војна, припадници на народноослободителните борби и движење на македонскиот народ кои не го прифаќале комунизмот и југословенското решение на македонското прашање, луѓето судени по „линија на Информбирото" итн.

Сопирани во можноста за оценување на вистинските вредности на многу личности од најновата историја, ние речиси бевме ставени во положба да бидеме губитници на дел од сопствениот идентитет. До средината на осумдесеттите години, македонската историографија остана сиромашна за целосно, научно елаборирање на ликовите на: Методи Шаторов - Шарло, Методија Андонов - Ченто, Венко Марковски, Ризо Ризов, Панко Брашнаров, Павел Шатев, Богоја Фотев, Петре Пирузе - Мајски, Емануел Чучков, Лазар Соколов и ред други личности без кои не може да биде напишана најновата историја на македонскиот народ[9]. Најголемиот дел од овие личности беа ставени во арсеналот на „отпадници" на Револуцијата во која ги вградиле сите надежи, соништа, сиот борбен дух и интелект. Оценките за нив, најчесто, се даваа според политичкото нишало на моментот (дали Партијата „да пушти" или не малку слобода), со многу фактографија, со малку аналитика, а уште помалку со филозофско промислување на времето и улогата на историските личности, во едно општество во кое *човекот* кој истовремено беше прогласен за „најголемо добро" можеше да биде „изеден од мракот".

Создадените стереотипови на „херои", според советскиот модел, ни ја презентираа личноста без вистинската човекова димензија, без да се види траумата на тие луѓе кои живееле во едно крајно неизвесно време (во и по Револуцијата), чувствувајќи ги врз својот грб сите негови бури, плими и осеки. Без користење на интердисциплинарниот пристап, историските личности беа сликани во црно-бела техника. Многу, многу срамежливо се пробиваше фактот дека ни ангелот не е толку бел, ниту пак ѓаволот толку црн, туку дека помеѓу нив постојат многу нијанси и премини, а дури и различен колорит.

[9] Притоа, испитувањето на автентичноста на многу документи од најновата историја е првата задача на историчарот, ако се има предвид постоењето на фабрикувани документи (измислени „непријателски дејности", лажни изјави, лажни сведоци, непотпишани признанија, или потпишани листови, дополнително пополнувани со текст, фризирани итн.), и досиеја во „работилниците" на ОЗНА, УДБ, КОС, СВР, во бугарската полиција направени со специјална намена за архивски истражувања итн. Така, на пр., некои македонски историографи пронајдоа документ - „изјава на Панко Брашнаров" дека се чуствува „Бугарин", отчукана на машина, без никаков потпис, а дури и со потпис може веднаш да се прозре изворот на документот и целите со кои е создаден - деградација на една од позначајните личности во македонската најнова историја, која ете се огрешила од „Титовиот пат", се откажала од македонската национална припадност и се определила за „бугарската" итн.

Така, проучувањето на личностите од најновата историја најчесто се движеше на линијата помеѓу две крајни точки - од апологија до наука, при што, во однос на идејните пораки кои историчарите сакале да ги пренесат, условно, можеме да ги определиме следните фази или карактеристики во македонската историографија: 1. идеализација; 2. формална објективизација; 3. формална дезидеологизација; 4. суштинска објективизација. Секоја од овие фази носи свои специфичности кои се одраз на духот на времето во кое настанало некое дело или труд, но можат и сите фази или дел од нив да бидат карактеристични за делата од одреден период или за делата на одделен автор.

Првата или најрана фаза, *фаза на идеализација*, не мора временски да биде лоцирана, но е присутна како карактеристика во проучувањето на личностите од најновата историја. Се одликува со еднostраност која оди во две крајности: славење на личноста која добива ореол на „комунистичка светост" и тотално оцрнување на „отпадниците" кои се огрешиле од комунистичкото дело[10]. Тука, во најголема мера, според обемот и бројот, доминираа трудовите посветени на учесниците во Народноослободителната војна 1941-1944 година. Животниот пат и одделни важни моменти од нивната дејност среќаваме во многу монографии, статии, историски романи и романизирани биографии, низ повеќе сеќавања на живи сведоци и мемоари.

Кога се работи за истакнување на личност која требало да служи како пример за „безгрешен" комунист и борец, задожително се тргнува од „револуционерната дејност" и активното вклучување во редовите на „напредното" младинско, синдикално, револуционерно, комунистичко движење итн., со инсистирање на додавката „напредно", „прогресивно" или слично. Оценките и карактеризацијата на ликот во овие дела во поголема мера се резултат на партискиот агит-проп отколку на сериозен истражувачки потфат. За Партијата на власт станува посуштинско величањето на сопствените револуционерни дела преку идеализиран опис на нејзините кадри, а помалку се важни

[10] Црно-белото сликање беше изразито во триесеттите години во Советскиот сојуз: на едната страна стои непогрешливиот Сталин, а на другата грешниот Троцки. Или, на пример, во македонската историографија, оцрнувањето на личноста на Методија Андонов - Ченто како реакционер, наспроти непогрешливиот комунист Лазар Колишевски. Се тргнува од шемата за-против. На пр. кој е за независна Македонија, тој е против Југославија и обратно.

историографски издржаните факти и документи. Нагласокот се става на комунистичкото определување, а многу помалку се потенцира компонентата на националната самосвет и на македонскиот национален патриотизам. Се тргнува од интернационализмот на личноста, од нејзиниот пролетерски фон, работничко потекло итн. Таа страда во услови на капиталистичка експлоатација, класно се осознава и се вклучува во напредното работничко движење, прифаќајќи ги комунистичките идеали како крајна цел на своето ослободување. Доколку се работи за паднати борци во текот на НОВ, во трудовите преовладува и еден романтичарски занес, еден тивок сентимент за покосена младост. Самиот чин на насилната смрт им дава посебен ореол на маченици и безгрешни борци за комунистички идеали и за слободата проектирана низ партиската идеолошка шема. Историчарот е должен да го слави ваквото нивно дело и саможртва. Тоа, во некоја рака, претставува советски шаблон во сликањето на личностите од Револуцијата, веројатно преземен од примерот на биографиите на Сталин.

На другата страна стојат луѓето „грешници", оние кои отстапиле од „вистинскиот" револуционерен пат на КПЈ и Тито. Тие биле судени според општествената „штетност", а не според важечките закони, но најчесто без суд, во комитетите, „ќе ги јади помрчина"[11]. Пропагандната војна е дел од историографијата. Се држат јавни собири, се митингува, се бара смрт за „предавниците". На широки врати се воведува култот кон физичкиот труд и тврдата урамниловка, наспроти интелектуалците - филозофите, историчарите итн. кои размислувале,

[11] Мноштво македонски дејци, со или без судење, беа одведени на Голи Оток. Меѓу нив беше и Венко Марковски, еден од најголемите македонски литературни творци. Историската наука досега покажала навистина скромни обиди да се опише личноста на Венко Марковски. Дел од живите сведоци и историчари вршеле жестоки напади врз неговата личност, барајќи ги маните во неговиот „нестабилен" карактер, при што, стануваат историчари со „свест на собар", историчари кои не можат да го одредат местото на личноста во историјата. Останаа да се расветлат многу контроверзи и нејаснотии од трагичната судбина на Венко Марковски, изложен на невидена психичка тортура уште од 1945 г., зошто со интелектот се извишувал над просечноста и имал дух различен од „скаменетите партиски мозоци". Историографијата треба да го истражи покомплексно и интердисциплинарно неговиот пат од „херој" до „злосторник" упатен во 1955-та на петгодишно „општествено превоспитување" на Голи Оток; „заминувањето" за Бугарија; тешката и неизвесна судбина на прогонет Македонец; трагичниот крај на неговиот син; преиспитување на оригиналноста на трудовите што ги објавил во Бугарија; преиспитување на ставовите што „јавно" ги застапувал итн.

кои се разликувале, кои можеби имале зрно на сомнеж во главите[12]. Во 1949 година, најважно беше босанскиот рудар Алија Сиротановиќ да го натфрли рекордот во копањето руда од 1935 на Алексеј Стаханов, рударот од Донбас.

Категоријата „народ" претставува централна категорија - народна револуција, народна власт, народни маси, народни непријатели, а Политичкиот извештај од Првиот конгрес на ЦК КПМ (1948), станува рамката во која можеле да си дозволат слобода на искажување поголемиот дел од првите македонски историографи, особено оние кои се занимавале со најновата историја. Се востановува систем на автоцензура, при што датумите определени во овој извештај[13] и оценките на личностите станувaат општ образец на историчарите. Така, Шарло беше оценет како сомнителна личност која се огрешила кон југословенскиот комунизам, а Ченто етикетиран како национално-буржоаски претставник кој ја затапувал „острицата на класната борба"[14], но и со полоши квалификации од кои не беше сосема ослободен ни до крајот на осумдесеттите години. Истото се случувало и на планот на културата и уметноста каде што се бара „партијност" и партиска „чистота" на творците[15].

---

[12] Ова може да се однесува дури и на покорните интелектуалци, но уште повеќе на оние творци кои не поседувале „доволна доза на покорност". Затоа, било оценето дека „искуствата со остроумните, паметни интелектуалци, кои имаат смисла за агитационо-пропагандна работа, а не се до крај верни на Партијата - многу се жалосни" (М. Ѓилас, *Проблеми школства у борби за социјализам у нашој земљи,* Реферат на Трећем пленуму ЦК СКЈ, Седнице ЦК СКЈ 1948-1952, Београд 1985, 288-310).

[13] На пример, историчарите, со мали исклучоци, си поставиле автоцензура во преиспитувањето на 19 Март, тој „утврден празник" на КПМ/СКМ. Иако постоеле и поинакви толкувања, на тоа не смееше да се обрнува поголемо внимание, бидејќи акцентот се ставаше на „заслугите" на одредени партиски водачи во Македонија. Истото се случуваше и со 11 Октомври, утврден како Ден на востанието на македонскиот народ, кое беше во функција на тезата за задоцнето започнување на НОВ во Македонија. Ова, историски беше неточно, но политички опортуно, со цел да се потенцира „штетната улога" на Шарло во неговата целосна политичка и идеолошка дисквалификација.

[14] Л. Колишевски, *Политички извештај на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија,* Реферат одржан на I конгрес на КПМ, Култура, Скопје 1949, 91-92.

[15] Дури и на ликовните творци им се сугерира дека V Конгрес на КПЈ и I Конгрес на КПМ ги определиле најважните задачи кои стојат пред творештвото на нашата уметност - преку борбата со аполитичноста, непријателските буржоаски влијанија, „против идеалистичките разбирања и мистиката", поставувајќи апсолутна задача за партијност во културата и уметноста, за создавање вистинска уметност" (Славко Јаневски, *Четврта изложба на уметниците во Македонија,* „Нов ден", 3, 1949). Коле Мангов, во своето дело *Во одбрана на македонскиот национален идентитет* (НИП „Глобус", Скопје 1998, с. 185-188), сеќавајќи се на 1971-та година пишува за огорченоста на Живко Чинго, зошто „во тогаш силно влијателните средини се кренал шум" против неговата книга *Големата вода* како за „нешто" против „тогашниот востановен ред на нештата...", како дело против ограничениот дух, против слепата послушност и бирократски стеги, а за вечниот и неуништлив копнеж на човекот за слобода.

Втората фаза или карактеристика на македонската историографија беше фазата на *формална објективизација.* Таа е мошне блиска со првата фаза и често одат заедно, но се сведува на поконкретни историографски напори за подокументирано расветлување на животот и делото на личноста. Фактите кои се изнесуваат се објективни (но селективни) и поретко може да им се најде приговор во однос на веродостојноста. Од друга страна, терминологијата, а особено историскиот суд, се преоптоварени со идеолошките конструкции на општествените науки и политичкиот жаргон на ФНРЈ/СФРЈ. Секако, она што е непожелно се премолчува, но отсуствува жестокоста на пластичниот политички речник на „ИБ-еовската кампања". Како критериуми (идеолошки) за позитивно или негативно делување на личноста сега се наведуваат: негување на идеалите на „социјалистичката" револуција, изградбата на братската заедница на југословенските народи и народности, братството и единството, автентичниот пат кон социјализам, самоуправувањето, неврзувањето и ред други накалемени идеали за кои голем дел од овие личности воопшто и не сонувале. Притоа, категоријата народ се заменува со категоријата социјализам, самоуправување итн.

И покрај таквата, честопати, „додадена" историска цел на делувањето на личностите од најновата историја, сепак, голем број од овие историографски трудови содржат издржана научна апаратура и располагаат со богат фактографски материјал. Со тоа, тие прават значаен чекор напред во историографската реконструкција на животот и дејствувањето на ликовите од најновата историја. Особено се важни обидите за посеопфатно објавување на архивската документација, иако понекогаш било присутно и прескокнување на некој „сомнителен" документ. Кога се работи за оваа фаза, може да се каже дека тука проблемот е повеќе од терминолошка и методолошка природа - користење единствено на позитивистичката школа на Покровски или марксовиот економски детерминизам, но често без примена на неговиот критички метод.

Третата етапа или карактеристика е времето на обиди за *формална дезидеологизација* на историската наука и на историските личности од најновата историја. Под плаштот на дезидеологизација, често, од нови идеолошки позиции, се врши жесток напад, на пример, врз учесниците во НОВ и на други личности од „времето во и по Револуцијата", а се

идеализираат „жртвите на комунизмот". Од идеолошкото корито на комунизмот, личностите се даваат во идеолошкото корито на антикомунизмот[16]. До крајни граници се занемарува патриотизмот и македонската националноослободителна мисија на учесниците во НОВ, а како основен критериум се зема нивната припадност во редовите на Комунистичката партија, како носител на „едноумието". Истовремено, делувањето и улогата на КП не се оценува историски - од аспектот што нејзиното постоење и дејност значеле пред и во текот на Втората светска војна и какви алтернативи постоеле, туку се оценува со нејзината хипокризија од крајот на осумдесеттите години од сосема други актуелно-партиско-политички позиции. Притоа, дури се оди до негирање на ослободителниот карактер на НОВ и таа се оценува како догматска контрареволуција.

Така, во последната деценија на XX-иот век, во екот на започнатата општествена демократизација, блатењето на личностите од најновата историја, особено на учесниците во НОВ, доби крајно груби и нереални димензии. Прогласената дезидеологизација беше само фраза зад која се плукаше врз националноослободителните придобивки на македонскиот народ во текот на Втората светска војна. Се бараше ревизија на сѐ и сешто без објективни согледувања на улогата на личностите и нивното учество во историските процеси - без вистинско одредување на местото на плејадата синови (од Мирче Ацев, до Коста Рацин и Кузман Јосифовски-Питу) кои загинаа за Македонија. На живите актери, пак, им се приговараше дека ја жртвувале Македонија, дека не го оствариле нејзиното целосно обединување и ослободување, дека ја пропуштиле единствената историска шанса[17]. Но она што беше најзастрашувачко е инсистирањето историјата да почне од тој момент, исто така, како што тоа се случуваше и во 1945-та година.

---

[16] Една таква личност, која „доживеала" да биде крајно глорифицирана и крајно деградирана беше личноста на Јосип Броз Тито. Тука навистина ќе биде потребно сочелување на двете крајности, но без разлика на историскиот суд, ниту еден историчар не ќе може да ја пишува историјата на дваесеттиот век без длабока анализа на улогата на Јосип Броз Тито.

[17] Само една куса анкета меѓу масата учесници и современици на НОВ, може сосема да ја демантира таквата теза. Иако во периодот до крајот на осумдесетите години, дискусиите по овој проблем се сметаа како национализам и сепаратизам и поголем дел од личностите се плашеа искрено да ја кажат вистината, многубројните учесници и современици на Втората светска војна, немаа дилема во исказот дека прво и основно за нив била слободна и обединета Македонија. Секој сериозен истражувач со анализа на состојбите на Балканот и вон него, не само во периодот на Втората светска војна, туку и за целокупната европска меѓународна политика во 19 и 20 век може да го најде реалниот одговор: што и колку се можело?

Во погоре наведените три фази и глобални карактеристики на развојот на македонската историографија околу личностите од најновата историја, заради незавршените историски процеси и временската близина, беше евидентно влијанието на идеолошко-политичките напласти кои делувале со променлива сила и интензитет: вдахновен револуционерен романтизам и занес со новата општествена преобразба, барањата за побрзо осознавање на сопствената револуционерна традиција, прагматичната свест присутна во партиското раководство дека и со помош на науката се врши револуционерна преобразба, појавата на догматичари од најразличен вид на кои историографијата на револуцијата им служела како борбено знаме во дневнополитичките битки, расцепите и противречностите помеѓу комунистичките и другите тогашни партии на левицата во меѓународните односи како и меѓусебните пресметки внатре во КПЈ/СКЈ („леви“ и „десни“ скршнувања) итн.

Но, и покрај постојните идеолошки стеги, сепак, стануваше јасно дека не постои историска вистина дадена засекогаш, ако под тој поим подразбираме објаснување на одреден настан, појава или историска личност врз основа на расположливите факти[18]. Во тие рамки, и покрај затвореноста, почна да се чувствува влијанието на западната историографија која тргнуваше од методолошкото гледање кое инсистира на тоа, историјата *самостојно и реално* да го проучува минатото, со што ќе овозможи и темелно проучување на сегашните односи во општеството и правците на неговиот развој.[19]

---

[18] За ова Кристофер Лојд, меѓу другото, ќе запише: „...Сите објаснувања во себе содржат, промислено или не, *генерални концепти* и *генерални теории* што се користат за да произведат каузални хипотези, интерпретации на доказите и каузални разбирања на посебен вид феномени и процеси. Сега е сосема јасно дека овие генерални теоретски концепти се делови од базични рамки или традиции на верувања, идеи, знаења и претпоставки коишто во себе ги содржат сите објаснувања. Овие рамки вклучуваат во себе филозофски и методолошки претпоставки, што се делови од идеите и верувањата за постоењето и процесите во светот како и за тоа на кој начин нив можеме да ги осознаеме“. Со ова Лојд укажува на еден доста заборавен момент во методолошкиот пристап на проучувањето на историјата кај нас. Тоа е фактот дека теориите се продукт на одредено време, а со самото тоа и одредени толкувања на историските настани, личности, појави и процеси се продукт на тоа време (Christopher Lloyd, *The Structures of History*, Oxford, 1995, 22).

[19] Англискиот историчар Бурхард вели: „...Историјата е запис за она што едно време смета дека е вредно за бележење за некое претходно време“ (H. Butterfield, *The Whing Interpretation of History*, 1931, 11). Едвард Кар тоа го дополнува со зборовите: „...Нам минатото ни е сфатливо единствено во светлината на сегашноста; сегашноста можеме да ја сфатиме само во светлината на минатото. Историјата има двојна задача да му овозможи на човекот да го разбере општеството од минатото и да ја зајакне својата премоќ во општеството од сегашноста“ (Едвард Халет Кар, *Што е историјата*, Скопје 1990, 48).

Затоа, уште од почетокот, го поставивме централното прашање: како историчарот да се дистанцира од настаните во чие случување се нашол и самиот и дали само завршени настани и процеси можат да бидат предмет на историската наука? Каде е крајот на историјата, каде е почетокот на сегашноста, а каде на иднината?[20]

Размислувајќи околу одговорите на поставените прашања, ние неминовно ја прифаќаме и динамичноста на историјата и развојната компонента на историската наука како жив организам кој е во постојано надоградување и доосознавање, во непрекинливо и сè поточно и попродлабочено откривање на минатите собитија[21]. Во тие рамки, целата историја би била сивило без духот и творештвото на големите личности, без творештвото на оние луѓе кои зачекориле пред своето време или кои оставиле траг во живописот на својата епоха како залог за иднината. Поставувајќи ја така смислата на делувањето на личностите во историјата, на кои најчесто им го даваме епитетот историски личности, ние одбегнуваме да ја претвориме историјата во збирка на петрифицирани и еднаш засекогаш откриени настани и личности, заштитени во кожурката на недопирливост од предизвиците на новите генерации и од судот на идното време[22].

---

[20] Во тој правец, Валенштајн го објаснува и својот методолошки пристап, кога пишува: „Општествената реалност е ефемерна. Таа постои во сегашноста и исчезнува со преминот во минатото. Минатото можеме да го прикажеме само *такво какво што е, а не какво што било,* бидејќи приказот на историјата е општествен чин на сегашноста, дело на луѓето од сегашноста и влијае на сегашниот општествен систем. ‚Вистината' се менува бидејќи и општеството се менува. Во секој момент ништо не е последователно; сè е истовремено, дури и тоа што е минато. Во сегашноста сите несомнено сме производ на своето потекло, образование, личност и општествена улога, како и на структуралните притисоци во чија внатрешност делуваме..." (Immanuel Wallerstein, *Suvremeni svetski sistem,* Zagreb 1986, 18).

[21] Во студијата *Апологија на историјата* или *Вештината на историчарот* М. Блок, истакнува дека не е возможно човештвото во една или две генерации да изврши такви изразити промени на стопанските и на општествените односи за да би можело во основа да се изменат сите институции и сите стари начини на дејствување. Затоа се смета дека сегашноста не е разбирлива сама за себе. Таа е поврзана со минатото, со реалноста во минатото. Историчарот има задача да го запознае и да го изучи минатото, за да може да ја разбере сегашноста. На истата линија е и францускиот историчар Мишле кој смета дека оној кој сака да се држи за сегашноста, сегашноста нема да ја разбере. (M. Bloch, *The Historian's Craft,* Manchester, 1992, 42-50).

[22] Хегел во своето дело „Феноменологија на духот", а особено во „Филозофија на историјата", меѓу другото, во личностите од светската историја, гледа најзначајни претставници од светската историја и ги осудува оние историографи или биографи „со душа на собар" коишто историските личности ги снижуваат на сопствено ниво на чувство и свест. Тој е противник на сите оние историчари со психологија на собар, кои ги деградираат историските личности, сведувајќи ги на сопственото интелектуално ниво или уште подолу.

Прифаќајќи ги предизвиците на новото време, како и судот за почетната „детска болест“ на тлото на проучувањето и оценувањето на улогата на личностите од најновата историја, македонската историографија влегува во *фазата на објективизација*[23]. Тоа е етапа во која процесот на научната валоризација на историската личност се одвива во контекстот на социјално-економските односи на даденото општество, а истовремено и од стојалиштето на факторите од персонална природа што ги определуваат нивните индивидуални карактеристики. Вредносните судови повеќе не се донесуваат врз основа на проценката на концентрираната општествена или политичка моќ со која располагале конкретните историски личности, туку врз основа на нивниот придонес во општествените промени и човековото ослободување.

Наместо наметнатите стереотипови и шаблони, историчарите пристапуваат кон повнимателно анализирање на дејствувањето на историските личности и на она што нив ги одделува од масите, што ги прави исклучителни и забележливи во нивната епоха[24]. Во настојувањето да ги надмине ограничувањата и слабостите од претходните фази од својот развој, македонската историографија сè повеќе ги вклучува сознанијата на хуманитарните науки кои, во проучувањето на човекот и неговото учество во историските процеси, не поаѓаат само од ставот дека човекот е општествено битие, туку особено ставаат нагласок и на неговата биолошка и физиолошка страна, прифаќајќи го проучувањето на факторите од лична природа како методолошка можност[25].

---

[23] Притоа, мошне значајни за македонската историографија, од аспект на расветлувањето и проучувањето на личностите од најновата историја се покажаа научните собири, кои почнаа да се организираат од средината на осумдесеттите години од XX-от век. Така, научни собири и расправи на тркалезни маси беа организирани за: Панко Брашнаров, Методија Андонов - Ченто, Петре Пирузе - Мајски, Кузман Јосифовски - Питу, Павел Шатев, Методија Шаторов-Шарло итн. Учесниците на овие расправи дадоа несомнен придонес во расветлување на низа историски дилеми околу времето и одделните моменти од дејствувањето на повеќе историски личности од поновата историја.

[24] Објективноста мора да биде неминовен следбеник на историографот во описот на личноста и нејзината улога дури и тогаш, кога сме соочени со фактот дека некои од големите историски личности не воделе многу сметка за оние кои им се наоѓаат на патот, дека тие биле во состојба да испогазат многу недолжни цветови, да испокршат во парчиња многу нешта што ќе им се најдат на патот. Но од друга страна, ваквите личности поседувале индивидуалност, силен карактер и дух заради што несомнено се издвоиле во своето време и станале забележливи во историјата (Gertrude Himmelfarb, *O heroima, zlikovcima i sobarima,* “Pregled”, 262/1993, 67-72).

[25] Пишувајќи историја за една личност, ние не можеме да го заобиколиме ни начинот на мислење на луѓето од определената епоха, нивните желби, емоции и верувања. Аналитичките психобиографи можат да ни откријат кои движечки сили и страсти ја мотивираат личноста да

Станува јасно дека мошне тешко би можеле да ја објасниме историјата и улогата на одделни истакнати личности во неа, вистинскиот историски и персонализиран универзум со каков и да било општоприфатлив принцип без употребата на методите и сознанијата на другите науки. Огромниот напредок на општествените и хуманитарните науки во современата епоха нужно го наметнува проблемот на нивното теоретско и методолошко сочелување и отвора широк простор за интердисциплинарни истражувања. Примената на теоретско-методолошките иновции во проучувањето на историските личности, кои доаѓаат од филозофијата, социологијата, политикологијата и психологијата, ќе ги збогатат несомнено и теоретските и методолошки можности на самата историска наука. Така, тргнувајќи од сознанијата и достигањата на повеќе хуманитарни науки во однос на историските личности и трудејќи се да се дистанцираме од актуелно-политичките цели на државата или на определена политичка групација во даденото време, ние можеме навистина да ја збогатиме методологијата на историографијата во однос на истражувањето на животот и дејноста на личностите од најновата историја како чекор поблиску кон оформувањето на една автентична македонска историографска школа.

**Клучни зборови:** историографија, македонска историографија, светски модел, историска личност, идентитет, стереотип, фактографија, автоцензура, идеологија, најнова историја.

---

поднесува тешки маки и напори за остварување на некоја сопствена или колективна идеја, како што, на пример, била тврдокорноста во опстојувањето на идејата за македонската самобитност или тешките тортури доживеани на Голи Оток кои оставиле трајни психолошки трауми итн. Каква била психологијата на „целатите" на своите довчерашни соборци? Каков бил мотивот за преживување на репресираните, зошто „...Тоа што е правено на Голи Оток е поаморално од смртна казна, потешко да се падне од куршум или гилотина" вели д-р Никола Николиќ, голооточанин, казненик и лекар во „болницата" на Голи Оток (Димче Најчевски, *Голоошочки сведошшва*, „Менора", Скопје 1999, 11). Резултатите до кои дошле авторите на мноштво психобиографии, психоаналитички биографии и студии, родени во рамките на психологијата, можат да ни укажат и на можноста од „психолошко разбирање и објаснување на човечките постапки и мотиви на дејствување во различни историски ситуации" зашто, македонската историографија сè уште со крајно скромен успех навлегла во сите детали на психологијата на „Голооточкиот режим" и на психологијата на луѓето задолжени за рехабилитација - „општествено превоспитување" на своите довчерашни другари. Од каде доаѓала и до каде достигала нивната свирепост, бруталност, ниски побуди, идеолошка заслепеност, примитивизам и слепо потчинување на директивите од повисоките места како да постапуваат со „предавниците" итн.

## SUMMARY

Violeta AČKOSKA

### THE MACEDONIAN HISTORIOGRAPHY AND SOME METHODOLOGICAL ASPECTS IN RESEARCHING THE PERSONS OF RECENT HISTORY

The basic problem treated in the presented text is the theoretical survey of the Macedonian historiography after The Second world war. It especially presents the role of the historical persons in recent Macedonian history. There are two groups of questions about this issue. The first group of questions consists of problems about the national needs of Macedonian people. The ideological aspect makes the second part of the analyzed questions. Those questions are result of the needs of the communist Party and his Marxists ideology. The general conclusion in our analysis is that the policy (ideological part) had strong control over the writing history after The Second world war until the '90.